20251974001

## ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Врз основа на член 34-б став (8) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23, 59/25 и 154/25), директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА КАЈ КОЈА НЕ Е УТВРДЕН ПРАВНИОТ СТАТУС ВО РАМКИТЕ НА ТЕХНОЛОШКИТЕ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за потврдување на техничка опрема кај која не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони.

Член 2

Барањето за потврдување на техничка опрема кај која не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони се поднесува на образец во А4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-1260/3
22 септември 2025 година
Скопје

Директор на Дирекцијата
за технолошки, индустриски развојни зони
д-р **Гоце Димовски,** с.р.

ДО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

**Б А Р А Њ Е**

**за потврдување на техничка опрема кај која не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони**

**Податоци за подносителот на барањето:**

Назив на правното лице ______________________________________________________
Седиште на правното лице ____________________________________________________
Единствен матичен број на субјектот _______________________________
Лице за контакт_____________________________________________ тел._________________

Барањето за потврдување на техничка опрема кај која не е утврден правниот статус во рамките на технолошките индустриски развојни зони се поднесува согласно член 34 – б став (1) од Законот за технолошки индустриски развојни зони, за техничка опрема

_______________________________________________________________________________

( вид на техничка опрема кај која не е потврден правниот статус)

со инсталирана моќност од ________ kW, согласно Решението за ставање во употреба на техничка опрема бр.______од________ година, која е поставена во/на објект во сопственост на ______________________ запишан во Имотен лист бр._______, во КО ______________________изграден на земјиште во блок ______, градежна парцела ___.___, со површина на објект од ______ м$^2$ во Технолошко индустриската развојна зона ___________________________________, запишано во Имотен лист бр.____, во КО ______________________, со право на долготраен закуп на градежно земјиште на _________________________________ _________________________ согласно Договорот за закуп бр. _____________ од _____________ година.

**Документација која се приложува кон барањето:**

1. Тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија за правно лице, која до денот на поднесувањето не е постара од шест месеци;
2. Имотен лист за објектот на кој е поставена техничката опрема, со право на сопственост на корисникот, а доколку е поставена техничката опрема во/на објект кој не е во сопственост на корисникот се доставува и писмена согласност за поставување на техничката опрема од сопственикот/сопствениците на објектот, кој до денот на поднесувањето не е постар од шест месеци;
3. Нотарски заверена изјава од изведувачот/монтажерот кој ја поставил техничката опрема, дадена под полна кривична и материјална одговорност со која истиот потврдува дека опремата е поставена согласно со техничката

документација;

4. Нотарски заверена изјава од изведувачот/монтажерот кој ја поставил техничката опрема, дадена под полна кривична и материјална одговорност со која истиот потврдува дека опремата може да се стави во употреба;
5. Во случај да се потврдува статус на фотонапонска централа, потребно е да се достави Решение за согласност за приклучување согласно со Законот за енергетика (*) и Правилникот за обновливи извори на енергија (*),
6. Решение за ставање во употреба на техничката опрема издадено од Државен инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини и
7. Доколку техничката опрема за која е поднесено барање за потврдување е поставена на објект кој е изграден на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за кое барателот нема склучено договор за закуп, потребно е да се достави доказ дека е поднесено писмено барање согласно членот 34-ж од Законот за технолошки индустриски развојни зони заради доделување на земјиштето на кое е изграден објектот под закуп.

**Б А Р А Т Е Л**

______________

**(потпис и печат)**

______________

**Датум и место**